# Република Северна Македонија
# Државен инспекторат за животна средина

**Број : Ип1-22-58од 04.10.2024година**
**Охрид**

Република С.Македонија

**Државен инспекторат за животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Канцеларија Охрид

Е-пошта:
i.trajkoski @sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел-ДИЖС: +389 70 286 698

Државниот инспектор за животна средина врз основа на член 200 од Законот за животната средина (Сл.весник на Р.М.бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10, 51/2011, 123/2012, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16 и 89/2022) по извршениот инспекциски надзор во ДИВЕЛОП ГРУП ДОО Скопје, ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА 7-СКОПЈЕ-ЦЕНТАР, а во поглед за отстранување на недостатоците утврдени со записникот Ип1 бр.22-58 од 25.09.2024г. и 04.10.2024г. година донесе:

**РЕШЕНИЕ**

Се НАРЕДУВА на ДИВЕЛОП ГРУП ДОО Скопје, ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА 7-СКОПЈЕ-ЦЕНТАР, да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот Ип бр.22-58 од 25.09.2024г. и 22-58 од 04.10.2024 година и тоа :

1. Да достави на увид елаборат за заштита на животната средина за изградба на Хотелски комплекс за дел од туристичката локација Горица КО Охрид 4 за градење и парцела бр.КП 1. до Државниот инспекторат за животна средина.
   **Рок : 30 (триесет) дена.**

2. По извршувањето на задолжението од претходната точка да го извести Државниот инспекторат за животна средина.
   **Рок : Веднаш по извршување на Точка 1.**

Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Државниот инспектор за животна средина на ден 25.09.2024година направи вонреден инспекциски надзор во ДИВЕЛОП ГРУП ДОО Скопје, ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА 7-СКОПЈЕ-ЦЕНТАР, при што со Записник бр.22-58 од истиот датум на лице место константирано е дека локацијата е оградена со лимена ограда на која имаше податоци за инвеститорот, во внатрешниот дел имаше изведено дел градежни активности, во моментот на увидот немаше градежни активности. Потоа во просториите на Државниот инспекторат за животна средина Канцеларија Охрид пристапи преставник на правниот субјект при што приложи:
-Одобрение за градење издадено од општина Охрид со број УП 1-10-154 од 06.04.2012год.
-Барање за согласност за елаборат за заштита на животната средина за изградба на Хотелски комплекс за дел од туристичката локација Горица КО Охрид 4 за градење и парцела бр.КП 1. Од 06.04.2012 со УП 11-3686/1.
Елаборат за заштита на животната средина и Решение за негово одобрување по поднесеното барање од 06.04.2012 со УП 11-3686/1 не беше приложено со образложение дека бараните документи во моментов

# Република Северна Македонија
# Државен инспекторат за животна средина

Број : Ип1-22-58од
04.10.2024година
Охрид

Република С.Македонија

**Државен инспекторат за животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Канцеларија Охрид

Е-пошта:
i.trajkoski @sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел-ДИЖС: +389 70 286 698

неможе да се приложат и од страна на преставникот на субјектот беше изјавено дека во рок од три дена ќе бидат приложени на увид.
На ден 04.10.2024година направен е повторен инспекциски надзор и со записник бр.22-58 од истиот датум константирано е дека субјектот по електонски пат достави барање за препис на Решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина, доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање на 02.10.2024г. со број 11-6436/1.Елаборат за заштита на животната средина не беше доставен на увид.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 точка 7 и Уредбата за дејности и активности за кој задолжително се изработува елаборат за заштита на животната средина(Сл весник на РМ бр32/12), вака констатираната состојба е спротивно на член 24 од Законот за животна средина ( Сл.весник на Р.М.бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10, 51/2011, 123/2012, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16 и 89/2022).

Според горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Доколку во определениот рок не се постапи по издаденото решение од Државниот инспекторат за животна средина ќе се поднесе барање за поведување прекршочна постапка согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина.

**Игор Трајкоски**
**Државен инспектор за животна средина**

**Доставено до :**
**- архива**
- ДИВЕЛОП ГРУП ДОО Скопје,
ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА 7-СКОПЈЕ-ЦЕНТАР